Република Македонија
**Влада на Република Македонија**

**Центар за управување со кризи**

Дел. Бр. 15-242/1
29 -01- 2019

Центар за
управување со кризи

Димче Мирчев бр.9
П.ФАХ 372 1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3249 101
Факс. (02) 3249 213
Сајт: www.cuk.gov.mk

# СТРАТЕШКИ ПЛАН

## НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ ЗА ПЕРИОД 2019 – 2021 ГОДИНА

**ДИРЕКТОР**
**m-r Agron Buxhaku**

Скопје, Јануарри 2019 година

**СОДРЖИНА**

Обраќање на функционерот

1.1. Вовед

1.2. Анализа на состојбата

1.3. Мисија

1.4. Визија

1.5. Задачи и обврски на Центарот

1.6. Специфичност на Центарот

1.7. Структура на Центарот – планирани промени

1.8.Односи со органите во состав,

1.9. Приоритети и цели на Центарот

1.10.Осврт на постигнатите резултати во претходната година

1.11.Програми

**Почитувани,**

Во Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи (Центарот) за периодот 2019- 2021 година ги презентираме стратешките приоритети, приоритетните цели, како и приоритетните активности на Центарот, со чија реализација во наредниот период ќе се придонесе во остварувањето на стратешките приоритети на Владата на Р. Македонија и нејзините политики од областа на управувањето со кризи и намалувањето на ризици од катастрофи во Република Македонија.

Центарот од самиот почеток на своето постоење го развива стратешкото планирање, како модел за интегрално идентификување на потребите за ресурси и нивно поврзување со буџетскиот процес и ограничувањата кои произлегуваат од него. Во тој правец, а со цел исполнување на законската обврска, Центарот, во своето работење, го имплементира и развива Системот за планирање, програмирање, буџетирање и извршување (СППБИ), како инструмент во процесот на стратешкото, односно среднорочното планирање.

Во процесот на изработката на Стратешкиот план за периодот 2019- 2021 година, Центарот пристапи кон поставување на своите приоритети и цели, воспостави соодветни програми преку кои ќе се обезбеди јакнење на капацитетите за ефикасна употреба на целокупните ресурси за постигнување на оптимална ефективност во намалувањето на ризиците кои можат да предизвикаат криза или кризна состојба во Република Македонија или на одредени нејзини делови.

Врз основа на извршената анализа на постигнатите резултати во досегашниот период, во овој Стратешки план, Центарот ги претставува сопствената положба и своите законски надлежности и функции, достигнатиот институционален капацитет на можности и ги дава своите погледи во форма на стратешки приоритети, со што ќе се обезбеди имплементирање на одржлив систем за управување со кризи во Република Македонија, во функција на ефикасна заштита на животот и здравјето на граѓаните, материјалните, природните и културните добра, како и општата безбедност на државата.

Со реализирањето на поставените стратешки приоритети и цели во овој Стратешки план, очекуваме да се зајакнат вкупните капацитети на Центарот и Системот за управување со кризи во сите фази на одговор (превенција, рано предупредување и справување со последиците) при катастрофи.

**m-r Agron Buxhaku**

**Директор на Центарот за управување со кризи**

## 1.1. ВОВЕД

Центарот за управување со кризи, како самостоен орган на државната управа има посебно место и улога во Ситемот за управување со кризи во Република Македонија. Мандадтот на Центарот, (по положба и функција на дирекција, со својство на правно лице) е определен во членот 21 од Законот за Управување со кризи (Сл.веснк на РМ бр. 29/2005 и Сл.весник на РМ бр.36/2011), според кој, Центарот ги врши работите што се однесуваат на обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, консултации и координација во управувањето со кризи; изработување и ажурирање на единствена процена на загрозеност од сите ризици и опасности кои можат да ја загрозат безбедноста на Републиката; предлагање мерки и активности за разрешување на кризи и кризна состојба и врши и други работи утврдени со закон, воедно е и носител на вкупната поддршка (стручна, организациска, административна и друга) на Управувачкиот комитет и Групата за процена, како Владини тела кои управуваат со системот за управување со кризи.

Имајќи ја предвид ваквата законска поставеност на институцијата, процесот на стратешкото планирање во Центарот, покрај тоа што е посебно насочен кон сопствените приоритети и цели, има и поширока координативна функција со активности кои ги планираат и спроведуваат останатите субјекти во Системот за управување со кризи.

Стратешкиот план на Центарот за управување со кризи за периодот 2019-2021 година, согласно Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Република Македонија бр.19-4702/1 од 01.10.2008 година,Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на ВРМ, претставува среднорочен план каде јасно се изразени приоритетите кои ќе се остваруваат во наведениот период и претставува план на конкретни активности во кој се поставени општите и посебните цели на Центарот, програмите врз кои е ставен посебен акцент и активностите кои треба да се преземат.

Согласно Упатството за начинот, содржината и формата на подготвување на стратешките планови на министерствата и другите органи на државната управа, Прирачникот за стратешко планирање,, Методологијата за стратешко планирање и подготвување на годишната програма за работа на Владата на Р. Македонија, Прирачникот за стратешко планирање од 2014 година и Методологијата за изменување и дополнување на Методологијата за стратешко планирање и подготвување на Годишната програма за работа на Владата на Р.Македонија, под број 44-3439/1 од 27.03.2018 година, Стратешкиот план на Центарот за периодот 2019-2020 година, ги содржи и потесно ги разработува следните точки:

## 1.2. Анализа на состојбата

Во рамките на анализата, опсервиран е Центарот за управување со кризи, неговата внатрешна структура, надлежноста, одговорноста, силните и слабите страни, капацитетите-човечките и материјалните ресурси и опрема со која располага, условите за работа, како и заканите и предизвиците со кои се соочува во секојдневното работење. Сето тоа послужи како добра основа да се изработи оваа анализа на ниво на институцијата.Во изработката на анализата учествуваа носителите и учесниците во планирачкиот процес во Центарот.

Стратешките пруиоритети и цели на Центарот беа разгледани од поширока група на вработени во Центарот, користејќи анализа преку која беа посочени „силните“ и „слабите“ страни, како и „можностите“ и „ризиците“ кои доаѓаат од надворешни и внатрешни влијанија, а кои влијаат на поставените концепти и идеите. Освен согледувањата кои произлегоа од анализата на состојбата, во разгледувањето на стратешките концепти беше земена во предвид и перспективата/укажувањата на вработените во Центарот по однос на функционалноста, како и перцепцијата за досегашниот напредок во изградбата на институцијата и Системот за управување со кризи, базирана на научени лекции од реално случени настани и искористување на расположливите ресурси.

**Силни страни** на Центарот за управување со кризи**:**

- Центарот за управување со кризи е солидно етаблирана институција како со кадар/персонал така и со воспоставени стандардизирани процеси, процедури и документи за работа,
- Инстируцијата е препознатлива не само од другите институции туку и од пошироката јавност преку соработката која ја остварува со склучени меморандуми и договори за соработка и учество во имплементација на програми и проекти за намалување на ризиците од катастрофи, како на национално така и на меѓународно ниво.
- Во Центарот работи кадар/персонал со солидно работно и стручно искуство во надлежната област,

**Слаби страни** на Центарот за управување со кризи:

- Бавна меѓусекторска и меѓуресорска комуникација и координација, која резултира со намалена кохерентност и релевантност (ненавремено информирање и/или споделување на информации)
- Отсуство на силно лидерство кое ќе го насочи Центарот за управување со кризи кон подобра меѓусекторска и меѓуресорска координација,
- Непополнетост на клучни работни позиции во организационите единици
- Недостиг на мотивација за напредување во повисоки звања, што резултира со слаба мотивација на вработените целосно да се вложат во процесот на градење на институцијата и Системот за управување со кризи,

**Ризици** во работата на Центарот:

- Непочитувањето на воспоставените процеси и процедури во работата, координацијата и комуникацијата на институционално и меѓуреорско ниво

- Ненавренена достава на податоци/известување, евидентирање, обработка, анализа и процена на податоци за одреден настан или појава,
- Непополнетоста на организационите единици во Центарот со стручни лица за административна, стручна и оперативна подршка на управувачките тела во Системот за управување со кризи, како и од областа на информатиката и телекомуникациите и неадекватниот простор за сместување на ТК опрема (сревер сала).
- Отсуството на политики за мотивација и градење на кариера-унапредување во повисоки звања,
- Демотивираност на кадарот како од внатрешни, така и од надворешни предизвици,

**Можности** на Центарот:

- Воспоставување на ефикасна и функционална организациона структура на Центарот, базирана на фунционална анализа,
- Внатрешна прераспределба на кадарот/персоналот во рамките на организационите единици, базирана на стручност и компетентност,
- Надграба и ажурирање на воспоставените институционални политики, процеси и процедури, базирани на досегашното искуство и научени лекции,
- Воспоставување на институционален процес/систем на перманентна мотивација на вработените за личен развој и усвојување на нови знаења и вештини и нивна примена за побрз и поквалитетен личен и институционален напредок,

### 1.3. Мисија на центарот

Мисијата на Центарот се состои во обезбедување на постојано ниво на комуникација, координација, консултации и меѓуресорска размена на податоци, во функција на подготвеност и интероперабилност на субјектите што се дел од системот за превенција и рано предупрадување од ризици и опасности кои можат да предизвикаат одредени катастрофи и кризни состојби, како и да обезбеди координирано справување и надминување на последиците од настани и појави кои можат да го загрозат животот и здравјето на луѓето, природните, материјалните и културните добра и општата безбедност на Републиката.

### 1.4. Визија на центарот

Центарот е насочен кон изградба на Систем за управување со кризи во Република Македонија, со респектабилни капацитети и способности, втемелен на висока професионалност, посветеност и подготвеност на поединците и субјектите кои го чинат истиот, со цел обезбедување на оптимални услови за безбедна животна и работна средина, како и услови за економски и социјален просперитет на државата.

### 1.5. Задачи и обврски на Центарот за управување со кризи

Центарот за управување со кризи, како самостојна Владина институција, има посебна положба и стратешка функција во насока на обезбедување на постојана координација со сите субјекти, во чија надлежност е следењето на појавите и состојбите кои можат да предизвикаат несреќи и катастрофи од пошироки размери, по животот и здравјето на граѓаните, природните, материјалните и културните добра на државата.

Во таа насока и во наредниот среднорочен период, Центарот има задачи и обврски да презема активности во извршување на работите кои се однесуваат на:

- Обезбедување на целосна организациска, административна и стручна подршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со Системот за управување со кризи (Управувачки комитет, Група за процена) и останатите субјекти кои извршуваат посебни задачи и надлежности во рамките на системот;

- Административно-стручна и техничка поддршка на Главниот штаб за управување со кризи, како оперативно и стручно тело, кое раководи со оперативните активности за справување со настанати несреќи и катастрофи на територијата на Република Македонија, како и со отстранување на предизвиканите штети и последици;

- Обезбедување континуитет во меѓуресорската и меѓународната соработка, што подразбира одржување на постојани комуникации, консултации и размена на информации, заради ефикасна координација во процесот на превенција, рано предупредување и справување со ризици и опасности кои можат да предизвикаат криза и да ја загрозат безбедноста на граѓаните, материјалните добра, културните добра, животната средина и безбедноста на Република Македонија;

- Обезбедување континиурана стручна подршка на Единиците на локалната управа и другите органи и структури на локално ниво преку зајакнување на персоналните, материјално-техничките, организациските и други капацитети на Регионалните центри за управување со кризи.

- Прибирање на податоци и информации во организирана меѓуресорска постапка, нивна анализа и обработка, и нивно соодветно документирање, со цел изработка и ажурирање на единствена процена од сите ризици и опасности по безбедноста на Републиката, општините и градот Скопје, како основа за преземање на соодветни мерки и активности за подготовка на субјектите во Системот за управување со кризи;

- Обезбедување на финансиски средства надвор од буџетот за воспоставување, управување и одржување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување 195 ( Европски број за итни повици Е-112 ) за сите итни состојби во случај на несреќи и непогоди предизвикани од различни ризици и опасности;

- Воспоставување, усовршување, надградба и одржување на соодветен систем за известување и јавно тревожење на населението и надлежните субјекти во случај на појави кои претставуваат ризици и опасности по животот и здравјето на граѓаните и општата безбедност на државата и можат да предизвикаат криза на одредени делови или кризна состојба во целата Република;

- Соработка со агенциите на Организацијата на обединетите нации, Организацијата за безбедност и соработка во Европа, Европската унија, НАТО, со странските амбасади во земјата, Меѓународниот комитет на Црвениот крст и Меѓународната федерација на друштвата на Црвениот крст

и Црвената полумесечина и други меѓународни хуманитарни организации, како и со други инситуции од други држави во чија надлежност е извршување на работи од пошироката областа на кризниот менаџмент;

- Планирање, подготовка и спроведување на обуки, вежби и други активности за лицата и субјектите кои извршуваат задачи во Центарот и за останатите учесници во системот за управување со кризи;

- Обезбедување транспарентност и градење јавна свест за индивидуалната, колективната и институционалната одговорност за превенција и за соодветно однесување при настанати несреќи и катастрофи;

- Преку спроведување на политиките на Владата на Р.Македонија, да обезбеди подеднаква и рамноправна етничка и родова застапеност во системот за управување со кризи, имплементирајќи ги принципите на родова еднаквост, согласно препораките на меѓународните организации и регулативите на ЕУ,

- Други задачи, обврски и активности на Центарот.

**1.6. Специфичност на Центарот за управување со кризи**

Центарот за управување со кризи е самостоен орган на државната управа, по положба и функција на дирекција. Неговата основна надлежност е планирање, организација и спроведување на мерки и активности со кои се обезбедува превенција, рано предупредување и справување со појави кои претставуваат ризик за животот на луѓето и животните, материјалните добра, како и природните и културните вредности на државата.

Специфичноста во извршувањето на своите задачи и обврски, се состои во остварување на постојана комуникација и координација со сите субјекти кои го спроведуваат Системот за управување со кризи, како и со претставници на меѓународни хуманитарни организации и институции од други држави во чија надлежност се работите поврзани со превенција и рано предупрадување за различни ризици и опасности, како и справување и надминување на последици од настанати несреќи и катастрофи.

**1.7. Структура на Центарот за управување со кризи**

Врз основа на членот 27 од Законот за управување со кризи (“Службен весник на РМ“ бр.29/2005 и 36/2011), директорот на Центарот донесува “Правилник за организација и работа на Центарот за управување со кризи“. Заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани подрачја и координирање и контрола на работите и задачите, во Центарот се формираат внатрешни организациски структури. Нивниот вид и број се

определува според карактерот, обемот, сродноста, одговорноста и сложеноста на работата, како и други услови неопходни за ефективно и ефикасно извршување на работите и работните задачи.

Организациската структура во Центарот е поставена во сектори и одделенија, и тоа:

- **Сектор за подршка на директорот, заменик директорот и владините тела во системот за управување со кризи, со следните одделенија:**
  - Одделение за поддршка на директорот и заменик на директорот,
  - Одделение за односи со јавност и протокол,
  - Одделение за поддршка на Управувачки комитет, Групата за процена и Главниот штаб,
  - Одделение за безбедност и соработка со безбедносни служби.
  - Одделение за медиумска продукција

- **Сектор за правни, општи работи и инспекциски надзор, со следните одделенија:**
  - Одделение за правни работи,
  - Одделение за архивски и општи работи,
  - Одделение за инспекциски надзор,

- **Сектор за финансиски прашања, со следните одделенија** :
  - Одделение за буџетска координација,
  - Одделение за буџетска контрола,
  - Одделение за сметководство и плаќања,
  - Одделение за јавни набавки.

- **Сектор за информатика и телекомуникации, со следните одделенија:**
  - Одделение за информатика,
  - Одделение за телекомуникаци,

- **Сектор за меѓународна соработка, со следните одделенија:**
  - Одделение за билатерална и регионална соработка,
  - Одделение за мултилатерална соработка
  - Одделение за НАТО и странски класифицирани информации.

- **Сектор за операции и координација, со следните одделенија :**
  - Одделение за Дежурен оперативен центар (ДОЦ) и криптозаштита,
  - Одделение за оперативна координација, подготовки на субјектите во СУК и евиденција на ресурси,

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Скопје
- Подрачно одделение - РЦУК Центар
- Подрачно одделение - РЦУК Кисела Вода
- Подрачно одделение - РЦУК Карпош
- Подрачно одделение - РЦУК Гази Баба
- Подрачно одделение - РЦУК Чаир

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Куманово
- Подрачно одделение РЦУК Крива Паланка
- Подрачно одделение - РЦУК Кратово

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Штип
- Подрачно одделение РЦУК Кочани
- Подрачно одделение - РЦУК Берово
- .Подрачно одделение -РЦУК Делчево
- Подрачно одделение - РЦУК Виница
- Подрачно одделение - РЦУК Пробиштип

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Струмица
- Подрачно одделение - РЦУК Радовиш
- Подрачно одделение - РЦУК Гевгелија
- Подрачно одделение - РЦУК Валандово

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности – РЦУК Велес
- Подрачно одделение - РЦУК Кавадарци
- Подрачно одделение - РЦУК Неготино
- Подрачно одделение -РЦУК Свети Николе

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Битола
- Подрачно одделение - РЦУК Прилеп
- Подрачно одделение - РЦУК Ресен
- Подрачно одделение - РЦУК Демир Хисар
- Подрачно одделение - РЦУК Крушево

- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности – РЦУК Охрид
- Подрачно одделение -РЦУК Струга
- Подрачно одделение - РЦУК Кичево

- Подрачно одделение - РЦУК Дебар
- Подрачно одделение -РЦУК Македонски Брод
- Подрачно одделение за регионална координација и оперативни активности - РЦУК Тетово
- Подрачно одделение - РЦУК Гостивар

❖ **Сектор за аналитика, процени и стратешко планирање, со следните одделенија :**
  - Одделение за истражување на информации и документација (ИНДОК),
  - Одделение за аналитика и процени,
  - Одделение за стратешко планирање и програмирање.

❖ **Самостојни одделенија во ЦУК:**

- Одделение за управување со човечки ресурси,
- Одделение за внатрешна ревизија.

### 1.8. Односи со органите во составот

Центарот за управување со кризи во својата внатрешна структура нема органи во состав.

### 1.9. Приоритети и цели на Центарот за управување со кризи за периодот 2019-2021 година

Во наредниот планирачки период 2019 – 2021 година, ЦУК ќе продолжи со имплементацијата на следните **Стратешки приоритети**:

❖ Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи во Република Македониј, за навремен и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи, кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент кај земјите членки на НАТО и ЕУ,

❖ Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем во Р. Македонија, со примена на карактеристичниот Европски повикувачки број за итни повици Е-112, со потребните негови потсистеми (ГИС, СЈТ и други).

❖ Продолжување на соработката со УНИСДР и преземање на активности во рамките на имплементацијата на третото ревидирано издание на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи,

Заради достигнување на поставените стратешки приоритети, ЦУК ги поставува следните **Приоритени цели:**

➢ Зајакнување на организациските, институционалните и функционалните капацитети на ЦУК, за обезбедување на целосна подршка на владините тела во Системот за управување со кризи,

- Достигнување на потребните капацитети за планирање, организација и координација со мерките и активностите за превенција и справување со ризици од катастрофи,

- Обезбедување, развивање и унапредување на систем за рано преупредување, преку следење, анализа и процена на ризиците и опасностите кои ја загрозуваат безбедноста на Р. Македонија,

Во функција на подетално следење на реализацијата на поставените стратешки приоритети и цели, капацитетите на ЦУК во наредниот среднорочен период 2019-2021 година, ќе се насочат кон преземање на следните приоритетни активности

1. Обезбедување на стабилно и одржливо финансирање на потребите на ЦУК како носечка институција на Системот за управување со кризи,

2. Надоградување и модернизација на воспоставените ИТ системи во ЦУК, како оперативни и аналитички алатка за справување со различни опасности,

3. Ажурирање на воспоставениот регистер на ресурси (човечки и материјално-технички) за превенција, рано предупредување и справување со различни ризици и опасности,

5. Зајакнување на меѓународната соработка на ЦУК со релевантни организации и институции од областа на кризниот менаџмент, (во рамките на ООН, ЕУ, НАТО и на билатерално ниво),

**1.10. Осврт на постигнатите резултати во претходната – 2017 година**

- Реализирани 57 инспекциски надзори и 6 инспекциски контроли во единиците на локалната самоуправа и во јавни и приватни трговски друштва и претпријатија од особено значење во Системот за управување со кризи
- Реализирана една техничка работилница во периодот од 06-08.2017 година, во рамките на тренинг програмата “Развој на интегриран систем за превенција и рано предупредување од шумски пожари “
- Реализирана обука за стручно усовршување на високи претставници во Европскиот Центар за безбедносни студии “Џорџ Маршал “ во Гармиш-Германија,
- Учествуво на претставници од ЦУК на технички состанок во рамките на регионалниот проект J-Cross во Солун, Р.Грција и работен состанок во рамките на пилот проектот “ Напредна регионална координација при цивилни итни состојби” во Подгорица,Р.Црна Гора,
- Учество на претставници од ЦУК на теренска НАТО-ЕАДРЦЦ вежба од 25-29.09.2017 година во Р.БиХ,
- Отпочната имплементација на планираните проектни активности во рамките на програмата за обука на Трети земји во соработка со јапонската агенција за меѓународна соработка- JICA,
- Отпочната имплементација на проектните активности во рамките на проектната соработка со МИТ универзитетот од САД-“Next-Generation

Incident Comand Sistem”

- Заокружен двогошен циклус на обуки од Програмата за Цивилно-воената соработка-“Градење на капацитети за планирање, организација и реализација на обуки во Системот за управување со кризи на национално ниво”, во соработка со Амбасадата на САД во Р.Македонија
- Реализирана една работилница-Иницијална планирачка конференција од Програмата за Цивилно-воената соработка – “ Планирање,подготовка и реализација на вежби во СУК на национално ниво“, во соработка со Амбасадата на САД во Р.Македонија.

**1.11. Осврт на постигнатите резултати во 2018 година**

- Реализирани 55 инспекциски надзори во единиците на локалната самоуправа и во јавни и приватни трговски друштва и претпријатија од особено значење во Системот за управување со кризи,
- Обезбедена е административно-стручна подршка на Владините тела за управуање со кризи за одржување на 2 седници на Групата за процена, 3 седници на Управувачкиот комитет и 4 седници на Главниот штаб за управување со кризи,
- Реализирани се 3 практични работилници (планирачки конференции) од Програмата за Цивилно - воената соработка – “ Планирање, подготовка и реализација на вежби во СУК на национално ниво“, во соработка со Амбасадата на САД во Р.Македонија.
- Реализирана е 1 ТТХ (симулациска) вежба на национално ниво од Програмата за Цивилно - воената соработка “ Сепфатен одговор - ВОДНО 2018“,
- Реализирана основна и напредна обука за НИКС (национално и локално ниво) за потребите на 35 институции со вкупно 368 лица- вработени,
- Изработена Процената на загрозеност на безбедноста на Р.Македонија, од сите ризици и катастрофи
- Имплементирани се планираните проектни активности во рамките на програмата за обука на Трети земји во соработка со јапонската агенција за меѓународна соработка- JICA,

**1.12. Програми за реализација на поставените приоритети и цели**

Согласно Законот за управување со кризи и насоките од Министерството за финансии, а со цел унапредување на процесот за програмско следење на буџетските расходи во Р. Македонија, извршувањето на буџетот за Центарот се следи преку следните програми, односно потпрограми:

- **Програма 2 –** Управување со кризи
- **Развојна програма 3** - Воспоставување на единствен комуникациско-информативен систем - **Потпрограма 3А** - **Воспоставување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување.**
- **ЕУ IPA- Програма за прекугранична соработка ( IPA Coss Border Cooperation )**

| |
|---|
| *ПЛАН ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПРОГРАМА 2 – Управување со кризи: Потпрограма – 20 :* **„ Стручно оспособување и усовршување на вработените во ЦУК и субјектите во СУК”** |
| ***2.1. А: Оправданост и дизајн на програмата*** |
| **Образложение на програмата:** Програмата 2 – Потпрограма 20, произлегува од надлежноста на Центарот за управување со кризи ( член 29 од Законот за управување со кризи и Уредбата број 15-1040/1 од 09.03.2010 година), со која ЦУК се определува за носител на планирањето, подготовката и реализацијата на обуки и вежби за потребите на Центарот и субјектите кои го остваруваат Системот за управување со кризи и истата произлегува и е во функција на подршка на стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во одлуката за стратешки приоритети во 2019 - Република Македонија – членка на НАТО и ЕУ и приоритетната цел - поддршка на другите државни институции (во случај на природни и други катастрофи) |
| **2.Поврзаност на програмата со НПАА –** |
| **<u>3.Стратешки приоритети на Центарот за управување со кризи :</u>**<br><br>1 Продолжување со изградба и развивање на капацитети и способности на Системот за управување со кризи во Република Македониј, за навремен и координиран одговор на институциите за намалување на сите ризици и опасности од катастрофи.кој ќе биде компатибилен со системите за кризен менаџмент кај земјите членки на НАТО и ЕУ,<br><br>2. Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем во Р. Македонија, со примена на единствен повикувачки број за итни повици Е-112, со потребните негови потсистеми (ГИС, СЈТ и други).<br><br>3. Продолжување на соработката со УНИСДР и преземање на активности во рамките на имплементацијата на третото ревидирано издание на Националната платформа на Република Македонија за намалување на ризици од катастрофи,<br><br>**<u>3.1.Стратешки цели на Центарот за управување со кризи:</u>**<br><br>➢ Зајакнување на организациските, институционалните и функционалните капацитети на ЦУК, за обезбедување на целосна подршка на владините тела во Системот за управување со кризи,<br><br>➢ Достигнување на потребните капацитети за планирање, организација и координација со мерките и активностите за превенција и справување со ризици од катастрофи,<br><br>➢ Обезбедување, развивање и унапредување на систем за рано преупредување, преку следење, анализа и процена на ризиците и опасностите кои ја загрозуваат безбедноста на Р. Македонија, |

| | |
|---|---|
| **Цел на програмата:** Со имплементацијата на планираните мерки и активности содржани во Програмата, Центарот за управување со кризи ќе обезбеди целосна организациска, административна и стручна подршка на Владините тела во чија надлежност е управувањето со Системот за управување со кризи (Управувачки комитет, Група за процена), административно-стручна и техничка поддршка на Главниот штаб за управување со кризи, како оперативно и стручно тело, кое раководи со оперативните активности за одговор при настанати несреќи и катастрофи на територијата на Република Македонија, како и со отстаранување на предизвиканите штети и последици; | |
| **Показатели за успех на Програмата:**<br>- Број на реализирани обуки за високи функционери<br>- Број на реализирани стручно специјалистички обуки од областа на управувањето со кризи за вработените во Центарот<br>- Број на реализирани стручно специјалистички обуки за вработените во субјектите(институциите) во Системот за управување со кризи<br>- Број на реализирани вежби за потребите:<br>• на Центарот<br>• субјектите во Системот за управување со кризи,<br>- Број на извршени набавки на Комуникациско информатички и материјални средства за потребите на Системот за управување со кризи | |
| **Компоненти од Програмата 2 – Управување со кризи – Потпрограма 20: „ Стручно оспособување и усовршување на вработените во ЦУК и субјектите во СУК"** | |
| **ПРОЕКТ 1: - Планирање, подготовка и реализирање на обуки за потребите на членовите на Владините тела (УК , ГП, ГШ) за управување со кризи** | **Показател на успешноста:**<br>- Број на функционери кои посетиле обука<br>- Број на реализирани обуки |
| **ПРОЕКТ 2: - Планирање, подготовка и реализирање на стручно-специјализирани обуки за потребите на вработените во ЦУК и СУК, за стручна и техничка подршка Владините тела за управување со СУК** | - Број на вработени кои посетиле обука<br>- Број на реализирани обуки |
| **ПРОЕКТ 3: - Планирање,подготовка и спроведување на вежби ( симулациски и теренски) за потребите на ЦУК и СУК** | - Број на вработени кои учествувале на вежбите<br>- Број на реализирани обуки |

<table>
<tr><th colspan="11">Б: План за спроведување на Програмата</th></tr>
<tr><th colspan="11">Програма 2-Управување со кризи–Потпрограма 20 „Стручно оспособување и усовршување на вработените во ЦУК и субјектите во СУК”</th></tr>
<tr><th rowspan="3">Активност</th><th rowspan="3">Одговорни</th><th rowspan="3">Консултирани</th><th colspan="2">Временска рамка</th><th colspan="6">Потребни ресурси</th></tr>
<tr><th rowspan="2">Почеток</th><th rowspan="2">Крај</th><th colspan="3">Човечки</th><th colspan="3">Финансиски (МКД)</th></tr>
<tr><th>I година</th><th>II година</th><th>III година</th><th>I година</th><th>II година</th><th>III година</th></tr>
<tr><td>Изработка на План за обука на членовите на УК,ГП и ГШ за управување со кризи</td><td rowspan="2">ЦУК/Одд. УЧР</td><td rowspan="2">Организ.ед. на ЦУК и субјекти во СУК</td><td>2019</td><td>2021</td><td colspan="3" rowspan="4">Нема потреба од нови вработувања</td><td colspan="3" rowspan="3">441.500,00 денари<br>- 147.166,00 денари за една обука годишно ( X 3 обуки )</td></tr>
<tr><td>Планирање, организирање и спроведување на обука на членовите на УК,ГП и ГШУК</td><td>2019</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>Изработка на План за обука на вработените во ЦУК и СУК за административна и стручно-оперативна подршка на ГП,УК и ГШУК</td><td>ЦУК/Одд. УЧР</td><td>Орг.един. во ЦУК</td><td>2019</td><td>2021</td></tr>
<tr><td>Планирање,организирање и реализирање на стручно-специјализирани обуки за вработените во ЦУК и СУК</td><td>ЦУК/Одд. УЧР</td><td>Организ.ед. на ЦУК и субјекти во СУК</td><td>2019</td><td>2021</td><td colspan="3">1.087.100,00 денари<br>- 100.000,00 денари за 1 обука годишно X 3 обуки за ЦУК<br>- 262.366,00 денари за 1 обука за</td></tr>
</table>

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Изработка на повеќегодишен План за вежби и годишни планови за вежби | ЦУК/Одд. УЧР | Организ.ед. на ЦУК и субјекти во СУК | 2019 | 2021 | | **годишно Х 3 за субјекти во СУК** |
| Планирањње,подготовка и реализација на вежби | ЦУК/Одд. УЧР | Организ.ед. на ЦУК и субјекти во СУК | 2019 | 2021 | | **2.174,200 денари**<br>**- 724,733,00 денари за една вежба ( Х 3 вежби )** |
| Вкупно активности во 2019 година : 6 | | | | | | **Вкупно 3.702.800,00 денари** |
| Вкупно активности во 2020 година : 6 | | | | | | |
| Вкупно активности во 2021 година :6 | | | | | | |
| ВКУПНО активности за програмата 2-Потпрограма 20 : 18 активности | | | | | | |

***А: Оправданост и дизајн на програмата***

**Програмата: 3–Развојна програма-Потпрограма 3А-Воспоставување на комуникациско-информативен систем со единствен број на повикување**

**Образложение на програмата-потпрограмата:** Програмата произлегува од обврските во рамките на Акциската програма од 2016 година “Migration and asylum,border management and fiht against and organizied crime “ и од усвоената Директива за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги 2001/22/ЕС, со која земјите членки на ЕУ се обврзани да го воспостават единствениот европски број за повикување при итни состојби и во случај на катастрофи. Програмата е во функција на подршка на стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во одлуката за стратешки приоритети за 2019 година - Република Македонија – членка на НАТО и ЕУ и приоритетната цел - поддршка на другите државни институции (во случај на природни и други катастрофи)

**Поврзаност со програмата НПАА – Програма на ЕУ од 2016 година “ Migration and asylum, border management and fight against terrorism and organized crim” и Директива за универзална услуга и правата на корисниците во врска со електронски комуникациски мрежи и услуги 2001/22/ЕС,**

**Стратешки приоритет на Центарот:** Програмата 3-Потпрограмата 3А- произлегува од стратешкиот приоритет на Центарот - Воспоставување на

единствен комуникациско-информациски систем во Р. Македонија, со единствен број на повикување Е-112, со потребните негови потсистеми (ГИС, СЈТ и други).

**Цел на Програмата:** Интеграција на постоечките подсистеми за итна помош во Р.Македонија во еден модерен систем за прием на сите повици за итна помош, пренасочување кон надлежните служби и координирање на одговорот на надлежните субјекти при итни состојби како и обезбедување на современи, сигурни и безбедни системи за комуникација и јавно тревожење на населението во случај на катастрофи

**Показатели за успех на Програмата-Потпрограмата**

- Воспоставен функционален комуникациско-информативен систем за итни повици Е-112, до крајот на 2021 година

**Програмата е хоризонтална**

**Потпрограми (компоненти) од Програмата:**

| **ПРОЕКТ:Воспоставување на единствен комуникациско-информациски систем во Р. Македонија, со единствен број на повикување Е-112** | **Показател на успешноста** :<br>- Усвоен концептуален дизајн на Е-112<br>- Извршена адаптација на објектите и техничка спецификација на системот Е-112<br>- Воспоставен функционален КИ систем Е-112 |
|---|---|

**Б: План за спроведување на Програма 3 – Потпрограма 3А**

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | Човечки | | | Финансиски (МКД) | | |
| | | | Почеток | Крај | I година | II година | III година | I година | II година | III Година |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Донесување на одлука на ВРМ за избран концептуален дизајн | ЦУК,МВР, МО | Сите субјекти во СУК | 2019 | 2019 | Нема потреба од нови вработувања<br>Нема потреба од нови вработувања | ВКУПНО: 289.050.000 милиони денари<br>-ЕУ-ИПА фондови 262.605.000 милиони денари<br>-Буџет на РМ 26.445.000 денари<br><br>-За 2019 .....21.578.000,00 ден.<br><br>-2020......... 21.578.000,00 ден.<br><br>-За 2021..... 21.578.000,00 ден. |
| Адаптирање на објектите за сместување на Е-112 и техничка спецификација на опремата | | Сите субјекти во СУК | 2019 | 2019 | | |
| - Јавна **н**абавка на потребната КИ опрема<br>-Тестирање на функционалноста на системот | Сектор за ОК и СТКИ | Сите субјекти во СУК | 2020 | 2021 | | |
| -Обука на персоналот за користење на Е-112 | | Сите субјекти во СУК | 2020 | 2021 | | - **За обука на персоналот за Е-112 .......5.000.000,00 ден.** |
| - Санација на СЈТ | | Сите субјекти во СУК | 2020 | 2021 | | - **28.794.000,00 ден.** |
| Вкупно активности за Програма 3-Потпрограма 3А ...... 5 активности | | | | | ВКУПНО | 289.050.000 милиони денари |

**2.3.ЕУ IPA-Програма : Прекугранична соработка (IPA Cross Border Cooperation)**

**Образложение:** Центарот за управување со кризи учествува во **ЕУ-ИПА Програмата за прекугранична соработка со Р.Грција 2014-2020** преку проектот **“Интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош “** и проектот **“Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи “** и стекнатото искуство од оваа програма, во наредниот период, да се сподели со други прекугранични области.

Програмата е во функција на подршка на стратешкиот приоритет на Владата на РМ содржан во одлуката за стратешки приоритети - Република Македонија членка на НАТО и ЕУ и приоритетната цел - поддршка на другите државни институции (во случај на природни и други катастрофи)

**2. НПАА- ЕУ IPA-Програма Cross Border Cooperation 2014-2020**

<table>
<tr><td colspan="2">3.Стратешки приоритет и цел на Центарот : Оваа програма е во функција на подршка на приоритетната активност на Центарот за зајакнување на меѓународната соработка со релевантни организации и институции од областа на кризниот менаџмент, (во рамките на ООН, ЕУ, НАТО и на билатерално ниво),</td></tr>
<tr><td colspan="2">ЦЕЛ на програмата: Преку имплементација на проектотните активности од проектот HELP и проектните активности на проектот J-CROSS да се зголемат капацитетите и подготвеноста на хуманитарната помош во прекуграничната област заради ефективна и ефикасна превенција, ублажување и управување со ризици од катастрофи и на долгорочен период ги намали ризиците од природни катастрофи и катастрофи предизвикани од човек во регионите на Западна Македонија и Пелагинија, а стекнатите искуства од овоие проекти во иднина да се споделат цо другите прекугранични области</td></tr>
<tr><td colspan="2">Показател на успех на програмата<br>- Воспоставен интегриран оперативен центар за пружање хуманитарна помош<br>- Воспоставена прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Програмата е вертикална и хоризонтална</td></tr>
<tr><td colspan="2">Потпрограми (компоненти) од програмата: Проект 1-HELP и ПРОЕКТ J-CROSS</td></tr>
<tr><td>Проект 1: -HELP: „ Инегриран оперативен центар за пружање на хуманитарна помош”</td><td>Показатели за успех на<br>- Развиени протоколи за заеднички акциони планови<br>- Воспоставена мрежа на прекугранична соработка<br>- Дизајнирана мобилна инфраструктура за управување со кризи<br>- Воспоставен команден центар (Мобилен контејнер Ц-4)<br>- Изработен план за управување со кризи</td></tr>
<tr><td>Проект 2: J-CROSS “Заедничка прекугранична соработка за заштита на населението од природни непогоди и катастрофи предизвикани од човечки фактор “</td><td>Показатели на успешност</td></tr>
<tr><td colspan="2">Б: План за спроведување на ЕУ IPA-Програма - Проект 1: -HELP : Прекугранична соработка</td></tr>
</table>

| Активност | Одговорни | Консултирани | Временска рамка | | Потребни ресурси | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Почеток | Крај | Човечки | Финансиски |
| Дизајн и имплементација на мобилна инфраструктура за управување со кризи | д-р Урим Вејсели од ЦУК<br><br>и<br><br>TEICM од Р.Грција | -ЦУК<br>-МВР<br>-Центар за развој на ЈПР-Струмица<br>-HRT од Р.Грција | Април 2018 година | Октомври 2019 година | | **Вкупен буџет**<br>- **55.691.528,00 ден.**<br><br>**- 6.940305,75 ден. Буџет на РМ**<br><br>**-792.702,80 денари од ИПА фондот** |
| Воспоставување на мобилен команден центар | | | | | | |
| Изработка на План за управување со кризи | | | | | | |
| Развој на протоколи и акциони планови | | | | | | |
| Воспоставување на мрежа на соработка | | | | | | |
| Реализација на проектните активности согласно Планот за имплементација на проектот | д-р Урим Вејсели од ЦУК | -ЦУК<br>-Регион на З.Македонија<br>-Центар за развој на пелагониски регион,<br>-Универзитет Аристотел-Атина<br>-Национална опсерваторија-Атина | 2019 година | 2020 година | | **Вкупен буџет**<br>- **25.828.893,00 денари**<br><br>**- 7.198.390,5 денари од буџет на РМ**<br><br>**- 18.630.502,5 денари од ИПА фондот** |
| Вкупно активности во 2019 година.................. 5 | | | | | | **ВКУПНО 25.828.893,00 ден.** |
| **3 . Влијание врз човечките ресурси** | | | | | | |
| | | **Резиме на потреби од нови** | | **Резиме на потреба од** | | **Резиме на потреба од обуки** |

| Програма | вработувања | прераспределба на вработените | |
|---|---|---|---|
| **Програма 2 - Потпрограма 20 “Управување со кризи”** | Нема потреба од нови вработувања | Има потреба за прераспоредување на вработените за пополнување на непополнетите работни места согласно Правилникот за систематизација во сите организациони единици на ЦУК | Потреба од стручно специјалистички обуки од областа на управувањето со кризи, согласно член 29 од ЗУК и Уредбата бр.15-1040/1 од 09.03.2010 година и тоа:<br>- Обуки за потребите на управувачките тела во СУК,<br>- Обуки за административна, стручна и оперативна подршка на владините тела во Системот за управување со кризи (СУК)<br>- Обуки за планирање, подготовка и спроведување на обуки и вежби во СУК |
| **Програма3 - ,, Воспоставување на единствен комуникациско - информативен систем ,,** | Има потреба од нови вработувања со цел пополнување на празните работни места предвидени со Правилникот за систематизација и тоа:<br>- 2 помошници на раководител на сектор,<br>-1 советник,1 виш соработник,1 соработник и 2 самостојни референти во одделението за информатика<br>-1 раководител на одделение,1 советник,1 помлад соработник и 1 пом.референт во одделението за телекомуникации | | Потреба од стручно-специјалистичка обука од областа на ИТ за имплементација, подршка и одржување на постоечките ИТ системи во институцијата и воведувањето на нови ИТ системи за потребите на СУК |
| **ЕУ-ИПА програма “Прекугранична** | Нема потреба од нови | Номинирани се претставници од сите партнери-учесници во | Обуките се планирани и истите се реализираат во рамките на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **соработка”** | вработувања | програмата | програмските-проектните активности |

**4.Принцип на правична застапеност**

| **Очекувано влијание во I година** | **Очекувано влијание во II година** | **Очекувано влијание во III година** |
|---|---|---|
| Правичната застапеност во ЦУК се имплементира согласно утрдените и усвоени политики на ВРМ и моменталната структура на персоналот според етничката застапеност е следна:<br>- Македонци........... 200 или 66,34 %<br>- Албанци.................. 70 или 23,3 %<br>- Турци........................ 22 или 7,76 %<br>- Роми.......................... 2 или 0,64 % - Срби.............. 2 или 0,64 %<br>- Власи........................ 1 или 0,32 % - Бошњаци.... 3 или 1 % | ЦУК и во наредниот планирачки период, при нови вработувања или прераспределба на персоналот, ќе ги имплементира утврдените принципи на правична застапеност на етничките заедници, согласно важечките законски прописи и усвоени политики од страна на ВРМ. | |

**5.Принципи на еднакви можности на жените и мажите**

| Очекувано влијание во I година | Очекувано влијание во II година | Очекувано влијание во III година |
|---|---|---|
| Структура на персоналот во ЦУК, согласно родова застапеност е следна:<br>- Вкупно вработени ....... 300 лица<br>- Мажи 235 или 78,33 %<br>- Жени 65 или 21,67 % | ЦУК и во наредниот планирачки период, при нови вработувања или прераспределба на персоналот, ќе ги имплементира утврдените принципи на еднакви можности, | |

**6. Развивање на заедничките функции**

| **Очекувано влијание во I година** | **Очекувано влијание во II година** | **Очекувано влијание во III година** |
|---|---|---|
| | | |

**Развивање политики:**

Својата визија и мисија, Центарот ги остварува, и во иднина ќе ги остварува со постојано зајакнување на капацитетите, преку:
- квалитетно и транспарентно работење
- одговорност при извршувањето на работните должности,
- имплементирање на меѓународните стандарди во работењето,
- создавање на услови за подобрување на контролата на процесите, раководењето на човечките ресурси, како и континуирано зајакнување на

| |
|---|
| капацитетите на Центарот заизвршување на надлежностите |
| **Стратешко планирање/подготвување на Буџет :** |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои организациона единица - **Одделение за стратешко планирање и програмирање** во рамките на Секторот за аналитика,процени и стратешко планирање со свои надлежности и задачи |
| **Извршување на Буџетот и управување со средства:** |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постојат Одделение за буџетска координација и Одделение за буџетска контрола, како организациона единица во **Сектор за финансиски прашања,** за подготовка,координација, контрола и извршување на буџетот |
| **Управување со човечки ресурси:** |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Одделение за управување со човечки ресурси,** со свои надлености и задачи |
| **Управување со информациски технологии:**<br>Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Сектор за информатика и ТК,** со свои организациони единици, со надлежност за управување со информациски технологии |
| **Внатрешна ревизија:** |
| Во ЦУК согласно Правиникот за внатрешна организација, постои посебна организациона единица - **Одделение за внатрешна ревизија,** со свои надлежности |

**7. Ризици на ниво на стратешки план**

| **Ризик** | **Веројатност за настанување на ризикот** | **Влијание на ризикот врз остварувањето на целите** | **Мерки за справување со ризикот** |
|---|---|---|---|
| Недоволно учество на сите носители на планирачкиот процес | Голема | Големо | Превземање и спроведување на мерки на одговорност |
| Неквалитетно планирање на активностите-задачите во ГПР на организационите единици во Центарот | Голема | Големо | Планирање, организирање и реализирање на потребни обуки со носителите на планирањето,пред почетокот на планирачкиот процес |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Центарот | Голема | Големо | носителите на планирањето,пред почетокот на планирачкиот процес |
| Доцнење при доставување на податоци за степенот на остварени-постигнати резултати, некомплетност на податоците и нивна веродостојност | Голема | Големо | Навремено доставување на барањето до организационите единици и доставување на ургенции |
| **8.Ризици на ниво на програма** | | | |
| **Ризик** | **Веројатност за настанување на ризикот** | **Влијание на ризикот врз остварувањето на целите** | **Мерки за справување со ризикот** |
| Промена на раководители на програми | Голема | Големо | Навремено известување за потребата/причината за промена на раководител на програмата |
| Непознавање на Прроцесот на планирање, програмирање , буџетирање и извршување, од страна на инволвираните учесници во процесот | Голема | Големо | Планирање, организирање и реализирање на обуки со раководителите на Програми,пред почетокот на планирачкиот процес |
| Недоволно континуирано следење, контрола и оценување на резултатите од програмите и известување | | | |

***Изработил: Митре Десподов***
***Прегледал: Драги Тарчуговски***
***Одобрил: д-р Стевко Сефаноски***

Доставно (во електронска форма преку ДМС) до:

- сите организациони единици во Центарот
- Државни советници по овластување
- архива